СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Статутарно - правна комисија

Бр.09-4368/1 од 07.07.2026 година

С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Енергетскиот план на Општина Гази Баба за 2027 година, донесен со Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година, бр.09-3149/3 од 28 мај 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/26), донесена на дванаесеттата седница одржана на 28 мај 2026 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

И С П Р А В К А

1. Во Енергетскиот план на Општина Гази Баба за 2027 година, донесен со Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година, бр.09-3149/3 од 28 мај 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/26), во Дел 4.Листа на прифатливи иницијативи за изградба на енергетски објекти со инсталиран капацитет до 1 MW доставени до Општина Гази Баба, точка 4.1 Прифатливи иницијативи наведени по азбучен ред, по назив на инвеститор и податоци за локација, катастарска општина, катастарска парцела и инсталирана моќност на енергетскиот објект, во табела 6 (Т-6) - Листа на иницјативи за Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година, кај реден број 11 колона два - тип на објект стои:"Интегриран систем за складирање на енергија", треба да стои:**"фотоволтаична електроцентрала и интегриран батериски систем"**.

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.9/25 и станува составен дел на Енергетскиот план на Општина Гази Баба за 2027 година, донесен со Одлука за донесување на Енергетски план на Општина Гази Баба за 2027 година, бр.09-3149/3 од 28 мај 2026 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/26).

СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА

Претседател,
Елена Тасевска,